Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.Бр. 11-6421/1
Дата: 10-10-2022
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија Тел. 043/416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Врз основа на член 50 став 1 алинеја 14 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), и член 24 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), како и член 139 од Статутот на општина Кавадарци ("Службен гласник на општина Кавадарци" број 8/05), а во врска со член 38, став 1, 5, 7, 8 и 13 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.32/20), Градоначалникот на општина Кавадарци донесе,

## РЕШЕНИЕ
### -за формирање на тело надлежно за водење на постапката за изработување и донесување на урбанистички планови- комисија за урбанизам

Со ова решение се формира тело надлежно за водење на постапката за изработување и донесување на урбанистички планови - комисија за урбанизам на општината во состав од следните членови:

-Марија Данаилова дипломиран инжинер архитект – претседател - вработена во општинската администрација;

-Ирена Митрова магистар инжинер архитект - заменик претседател - вработена во општинската администарција;

-Дијана Недева магистар инжинер архитект - член - вработена во општинската администарција;

-Левче Спасовска дипломиран инжинер архитект - надворешен член – со број на овластување 0.0349;

-Марија Јанкулоска Младеновиќ дипломиран инжинер архитект - надворешен член - со број на овластување 0.0431;

-Андон Петровски дипломиран сообраќаен инжинер - надворешен член;

-Горан Најдовски дипломиран електроинжинер - надворешен член;

Се задолжува комисијата за урбанизам на општината да ги води постапките за изработување и донесување согласно член 38 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.32/20).

Се задолжува комисијата како стручно тело да ги врши стручните работи во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови.

Комисијата за урбанизам постапува по поднесените иницијативи согласно членот 39 од Законот за урбанистичко

[redacted]

Арх.Бр.____________

Дата:______________
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија Тел. 043/416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

планирање, ја врши анализата од членот 22 од овој закон, ја предлага планската програма за урбанистичките планови од членот 44 од овој закон, ја организира стручната расправа од членот 49 од овој закон, јавната анкета и јавната презентација од членот 50 од овој закон, дава стручно мислење за нацрт и предлог за урбанистичките планови за кои се води постапка за донесување односнопроверува дали со планските решенија се исполнети барањата од планската програма, проверува дали изработувачот на планот ги вградил забелешките од стручната расправа односно од јавната анкета, дава мислење за техничка исправка на урбанистички план од членот 36 од овој закон, учествува во работата на партиципативното тело од членот 46 од овој закон и учествува во постапките за одобрување на урбанистички проекти од членовите 62 и 63 од овој закони го подготвува извештајот за состојбите во просторот од членот 66 од овој закон.

На членовите на комисијата за урбанизам им следува надоместок за учество во работата на комисијата, кој се обезбедува од буџетот на органот што ја формира комисијата, што го утврдува Градоначалникот на општината врз основа на обемот и сложеноста на работите, бројот на урбанистички планови или други предмети што се во нивна надлежност.

Градоначалникот на општината определува паушален надоместок месечно од 2.000,00 денари за надворешните членови од комисијата за урбанизам.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

Со донесувањето на решението престануваат да важат решенијата за формирање на комисии со арх.бр.11-6400/1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, и 10 од 03.11.2021 година.

Доставено до:
-Архива
-Членови на комисија

Изготвил:
Ефтимчо Петровски

Контролирал:
Раководител на сектор
дги Александра Деневска

Градоначалник
Д-р Митко Јанчев